# 1. ПРЕДГОВОР

Здружението "Лешок", по основањето си подготви повеќегодишна програма за својата работа. Меѓу другите програми подготви и елаборат за основање на етнолошко катче во кое ќе бидат собрани и изложени предмети и орудија од материјалната култура создадена од населението. Исто така си имаше зацртано да се работи и на прибирање на духовното народно твотештво. Во меѓувреме се објави повик од страна на Фондација Институт отворено општество-Македонија (ФИООМ), за нови идеи за програмата "Живо наследство", Здружението ЛЕШОК кое веќе имаше зацртано во својата програма за прибирање на народното духовно усно творештво, аплицираше со проект за собирање на културното народно творештво "Младите и преданијата на Лешок и соседнте села", кој за ФИООМ позитивно го реши нашето аплицирање и ни даде полна материјална подршка за реализација на проектот, за разлика од министерството за образование кое не го подржа проектот за основање на етнолошко катче, да отстапи простории во празните училници на училиштето.

По позитивното решение и полна подршка од ФИООМ, Здружението го прошири прибирањето на духовната култура да биде и од соседните села. За да би се остварила програмата, беа организирани повеќе состаноци со младите од Лешок и соседните села како и со претставници на месните заедници на селата на кои им беше објаснета идејата и целта на проектот и задачите кои претстојат. Сите претставници на селата безрезервно го прифатија Проектот и се обврзаа дека ќе дадат свој придонес во неговата реализација. Беше избран главен координатор како и координатори од секое село кои ќе соработуваат со главниот координатор. Координаторите ангажираа повозрасни и поискусни луѓе од перото, како би го олесниле средувањето на прибраниот материјал за објавување.

За подобра прегледност на материјалот во книгата, Редакцијата целиот материјал според својата содржина го подели во шест поглавија и тоа: Предговор, воведно запознавање на долнополошките села во кое е вршено истражување, духовна култура, обичаи и верувања, материјална култура и речник на непознати зборови.

Освен поглавјето на речникот, сите други поглавија во себе содржат наслови и поднаслови, зависно од материјата што се обработува. Добар дел од текстовите се давани во оригинална изворна форма, односно на месниот говор-дијалектот на населението од Тетовскиот Подгор. Мали

корекции се направени во повторувањето на речениците. Веруваме дека голем дел од собраниот материјал претставува бисер за пополнување на празнините на македонската историја, етнологија и лингвистика кои до денес никаде не се забележани.

Кај преданијата, легендите, песните и некои други текстови дадени се имињата на забележувачите, раскажувачите и селата од кои потекнуваат со цел да се има преглед и сознание за нив. Поговорките, благословите, гатанките, клетвите и пцовките се заеднички труд на повеќе забележувачи и за истите дадени се имиња и презимиња на сите нив.

Посебна благодарност упатуваме на Фондација Институт отворено општество-Македонија кои со поддршката што ја дадоа помогнаа да се соберат материјалите од живото културно наследство на населението од Лешок и околните села и да се објават во книга.

Секако, најголема заслуга за подготовка на овој труд му припаѓа на Митко Спироски. Тој ценејќи го значењето и вредноста на народното материјално и духовно творештво, одејќи по села, ангажираше соработници по селата, па и самиот учествува со свои записи кои ги забележал во неговите помлади години.

Драгоцена е заслугата на Илија Петрушевски, како претседател на редакцискиот одбор, кој даде најголем придонес во обликувањето на овој труд, како и неговиот придонес со текстови кои ги собирал со децении наназад во тетовскиот крај.

Не е помала и заслугата на Младен Мисаиловски, кој заедно со Митко Спироски ги запознаваа соработниците со методот на прибирање на изворните материјали и кои активно беа вклучени во целиот тек на прибирање на материјалите, како и компјутерско внесување и средување на ракописите.

Редакцијата посебна благодарност има и кон проф. Д-р Миодраг Календаровски-Хаџи Ристиќ, проф. Д-р Борис Марков и Д-р Трајко Ставовски за сугестиите и придонесот кои го дадоа, потоа на Борис Момироски, кој беше главен координатор во изготвувањето и образложување на методологијата за прибирање на податоците, како и на координаторите во селата и на сите соработници и раскажувачи.

Голема благодарност на Активот на младите од Лешок, како и сите млади кои се вклучија во интервјуирањето и собирањето на народните преданија од тетовскиот крај. Благодарност имаме и до лицата кои ги отстапија старите фотографии од домашните збирки.

Напоменуваме дека сите кои беа вклучени во подготовката на овој труд, работеа со голема љубов и ентузијазам и без никаков материјален надомест, за што Здружението ЛЕШОК и Редакцијата бескрајно се благодарни.

Од Редакцијата